Врз основа на член 74 од Законот за енергетика (Службен весник бр.96/18) и член 35-д од Статутот на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, (Службен весник на бр.78/19), а постапувајќи по Решението за одобрување на условите со кои се уредува мандатот и условите за вработување на службеникот за усогласеност на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија бр.02-1709/1 од 31.08.2018 година, Управниот одбор на Друштвото на ------ седница, одржана на ден ---.-----.2019 година, по претходно одобрување од Регулаторна комисија за енергетика со Решение ----- од ---- година, и одобрување од Надзорниот одбор на АД МЕПСО - Скопје со Одлука НО бр. --- од ---.-----.2019 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за работењето, овластувањата, правата и обврските на службеникот за усогласеност

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува постапката за именување и разрешување, мандатот, делокругот на работа, работни обврски и овластувања, правата и обврските во однос на едукација и обука на вработените, забрана за вршење на друга професионална дејност, слободен пристап на информации на службеникот за усогласеност на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во понатамошниот текст: АД МЕПСО во државна сопственост Скопје).

### Член 2

(1) Службеникот за усогласеност континуирано ја следи усогласеноста на работењето на Надзорниот одбор, Управниот одбор и вработените во АД МЕПСО во државна сопственост Скопје со Законот за енергетика и Програмата за усогласеност на АД МЕПСО - Скопје.

(2) Заради постигнување на усогласеноста од ставот (1) од овој член службеникот за усогласеност презема активности и мерки, доставува извештаи за следењето на усогласеноста на работењето во АД МЕПСО во државна сопственост Скопје до Надзорниот одбор и доставува извештаи за преземените мерки до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторната комисија за енергетика).

### Член 3

(1) Службеникот за усогласеност го именува Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Условите за именување на службеникот за усогласеност се утврдени во Статутот на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје.

### Член 4

(1) Службеникот за усогласеност се избира по пат на јавен оглас.

(2) Јавниот оглас се објавува на веб страницата на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје и во два печатени дневни весници кои се објавуваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците е дневен весник кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, а кој е различен од македонскиот јазик.

(3) Рокот за пријавување на кандидатите на јавниот оглас изнесува 7 (седум) дена од денот на објавување на јавниот оглас.

(4) Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје пред денот на објавување на јавниот оглас формира комисија за селекција на кандидати, составена од три члена, вработени во АД МЕПСО во државна сопственост Скопје.

(5) Комисијата од став (4) на овој член изготвува извештај со предлог кандидати и го доставува до Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје, во рок од 5 (пет) дена од денот на истекот на рокот за пријавување на кандидатите.

(6) Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје во рок од 8 (осум) дена, од денот на доставување на извештајот од Комисијата од став (5) на овој член донесува Одлука за именување на службеникот за усогласеност.

(7) Одлуката од став (6) на овој член Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје ја донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови и веднаш ја доставува до Регулаторната комисија за енергетика.

(8) Одлуката од став (6) на овој член произведува правно дејство по нејзиното одобрување од Регулаторната комисија за енергетика. По одобрувањето на одлуката од Регулаторната комисија за енергетика, Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје склучува договор за обезбедување на услуги од службеникот за усогласеност.

(9) Комисијата од став (4) на овој член е должна во рок од 8 (осум) дена од денот на одобрувањето од став (8) на овој член писмено да ги извести другите кандидати за донесената одлука и да им ги врати доставените документи.

(10) Доколку Комисијата од став (4) на овој член констатира дека ниту еден од пријавените кандидати не ги исполнува бараните услови од јавниот оглас должна е да изготви извештај за неуспешно спроведената постапка со јавен оглас и да го достави до Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје во рок од 5 (пет) работни дена од истекот на рокот за пријавување на кандидатите, да ги извести кандидатите за ова и да им ги врати доставените документи.

(11) За неуспешно спроведената постапка со јавен оглас Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје во рок од 5 (пет) работни дена сметано од доставувањето на извештајот од став (10) на овој член донесува Одлука за неуспешно спроведена постапка со јавен оглас и распишување на нов јавен оглас, за што веднаш ја известува Регулаторната комисија за енергетика.

(12) Нов јавен оглас може да се објави не порано од 8 (осум) дена од денот на донесувањето на одлуката од став (11) на овој член.

(13) Доколку Регулаторната комисија за енергетика не го одобри именувањето на службеникот за усогласеност, се постапува на ист начин како што е наведено во став (11) и став (12) на овој член.

**Мандат на службеникот за усогласеност**

**Член 5**

(1) Мандатот на службеникот за усогласеност изнесува 5 (пет) години, со право на реизбор.

(2) Службеникот за усогласеност е должен најдоцна 30 (триесет) дена пред истекот на мандатот, да изготви сеопфатна листа на документи што ги поседува, како и конечен извештај за своите активности кои ги доставува до претседателот на Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје.

**Делокруг на работа на службеникот за усогласеност**

**Член 6**

(1) Службеникот за усогласеност при извршување на своите работни обврски и овластувања особено ги има во предвид:

1) Десетгодишниот план за развој,
2) Годишниот инвестициски план и повеќегодишната програма за инвестиции,
3) Долгорочните прогнози за потребите на електрична енергија на Република Северна Македонија ,
4) Стратешкиот план за електропреносен систем,
5) Планот за развој на електропреносниот систем,
6) Влијанието на планираните инвестиции врз намалување на загубите на електрична енергија во преносната мрежа за регулиран период,
7) Концептите за развој на преносната мрежа во одделни региони за долгорочен период
8) Студијата за проценка на вкупните трошоци за интегрирање на обновливите извори на електрична енергија во електроенергетскиот систем на Република Северна Македонија,
9) Студијата за прогноза на биланс на електрична енергија,
10) Студијата за развој на преносната мрежа,
11) Стратегијата за развој на енергетиката во Република Северна Македонија,
12) Услугите за пристап и користење на електропреносниот систем,
13) Цените за пристап и користење на електропреносниот систем,
14) Распределбата на преносниот капацитет,
15) Управувањето со загушувањата во електропреносната мрежа,
16) Набавката и/или продажбата на електрична енергија,
17) Системските услуги за балансирање,
18) Нормативната усогласеност на домашното законодавство и меѓународното законодавство,
19) Обезбедувањето на соодветни обуки на вработените во делокругот на усогласеност, и
20) Финансиското работење на друштвото.

(2) Службеникот за усогласеност ги следи и врши контрола во однос на обезбедувањето на условите за:

1) транспарентност и недискриминација на корисниците на електропреносниот систем по било кој основ, и
2) довреливост на деловните податоци на корисниците на електропреносниот систем, како и за доверливост на деловните податоци при координација и соработка на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје со други оператори на електроелектроенергетски системи во согласност со закон, Правилникот за деловна тајна на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје и други прописи.

## Работни обврски и овластувања на службеникот за усогласеност

### Член 7

Службеникот за усогласеност во рамки на своите овластувања утврдени согласно Законот за енергетика, Статутот на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје и овој Правилник е должен:

1) континуирано да ги следи и оценува деловните активности на Надзорниот одбор и Управниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје заради процена и утврдување на нивната независност при постапувањето, како и заради процена на ризикот од евентуална неусогласеност на нивните активности со важечките законски и/или подзаконски прописи, Програмата за усогласеност, Статутот и другите акти на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје,
2) да прави процена на изложеноста на ризик од појава на било каков облик на перење на пари и/или корупција и да презема мерки за превенција и нивно спречување во согласност со важечките законски прописи за спречување на корупција и за спречување на перење

пари. За оваа цел соработува со внатрешната ревизија и стручните служби на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје,

3) да го извести Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје во одредени ситуации доколку има потенцијален или постоечки судир на интереси на вработените во АД МЕПСО во државна сопственост Скопје,
4) да обезбеди консултации во однос на спречување и/или отстранување на постоечкиот судир на интереси, како и да предлага превентивни и/или корективни мерки,
5) да врши едукација, советување, обуки и информирање на Надзорниот одбор, Управниот одбор и вработените на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје со цел законито постапување во согласност со начелата за независност, транспарентност и непристрасност при работењето, превенција од секаков облик на перење на пари и/или корупција, како и имплементација и почитување на Програмата за усогласеност,
6) да присуствува на седниците на Управниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје доколку согласно доставениот дневен ред за таа седница процени дека се содржани точки кои се во рамките на неговите обврски и овластувања, и дека е потребно да присуствува на истата,
7) да присуствува на седниците на Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје доколку согласно доставениот дневен ред за таа седница процени дека се содржани точки кои се во рамките на неговите обврски и овластувања, и дека е потребно да присуствува на истата,
8) да присуствува на седниците на Управниот и Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје кога се одлучува за:
    - условите поврзани со услугите за пристап и користење на електропреносниот систем кои се однесуваат на цените за користење, распределбата на преносниот капацитет и управувањето со загушувањата,
    - проектите поврзани со управување, одржување и развој на електропреносниот систем, вклучувајќи ги и инвестициите во интерконективните водови, и
    - набавката или продажбата на електрична енергија неопходна за функционирање на електропреносниот систем, вклучувајќи ги и системските услуги за балансирање.
9) да го следи исполнувањето на обврските на вработените за реализација на Програмата за усогласеност,
10) да осигурува безбедно, одговорно и соодветно управување со податоците водејќи сметка за доверливост на истите, како и за заштита на личните податоци согласно позитивните законски и подзаконски прописи,
11) да врши проценка за потребата од измена и дополнување на интерните акти на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје и да предлага донесување на нови интерни акти,
12) да соработува со секторите/подружниците во АД МЕПСО во државна сопственост Скопје и нивните стручни оддели/служби/одделенија,
13) да ја следи усогласеноста на процесот на работа во АД МЕПСО во државна сопственост Скопје согласно Законот за енергетика и другата позитивна законска регулатива и каде е што е потребно да презема дополнителни корективни мерки и активности,

14)да врши и други работи согласно Законот за енергетика, Статут на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје и Програмата за усогласеност.

**Годишни извештаи**

**Член 8**

(1) Службеникот за усогласеност е должен до Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје и Регулаторната комисија за енергетика да доставува годишни извештаи, за спроведувањето на Програмата за усогласеност и за преземените мерки за нејзиното спроведување, како и за значителни прекршувања во спроведувањето.

(2) Годишниот извештај го доставува до Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје и Регулаторната комисија за енергетика, најдоцна до 31 јануари наредната година за претходната година.

(3) Годишниот извештај треба да содржи: краток опис на податоците, информациите и документација која била предмет на проверка и следење, мерките кои се преземени од негова страна и постапувањето на органите на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје и/или вработените по истите, предлози, укажувања и предлог мерки за идно постапување.

(4) Службеникот за усогласеност е должен по утврдувањето за постоењето на значителни прекршувања при спроведувањето на Програмата веднаш да ја извести Регулаторната комисија за енергетика.

(5) Службеникот за усогласеност е должен да ги доставува до Регулаторната комисија за енергетика предложениот инвестициски план и предложените одлуки за поединечни инвестиции во електропреносниот систем, истовремено кога Управниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје ги доставува одлуките до Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје.

(6) Службеникот за усогласеност е должен на барање на Регулаторната комисија за енергетика, да ги доставува сите останати податоци и документација поврзани со спроведувањето на Програмата за усогласеност.

## Едукација и обука на вработените од страна на Службеникот за усогласеност

### Член 9

(1) Службеникот за усогласеност е задолжен за развивање и спроведување на ефикасна и ефективна програма за едукација и обука на вработените во насока на примена на позитивните законски прописи, запознавање со политиките на компанијата, споделување на искуства во областа на транспарентноста, независноста, управувањето со ризици, интегритетот и професионалната етика, како и организирање на работилници за тимска работа и за реализација на Програмата за усогласеност.

(2) За извршувањето на работите наведени во став (1) од овој член Службеникот за усогласеност соработува со Одделот за човечки ресурси со цел дефинирање и усвојување и спроведување на програмата за обука и едукација.

(3) Службеникот за усогласеност може да организира советување за членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје доколку смета дека тоа е во интерес на поуспешно извршување на работните обврски и овластувања.

## Забрана за вршење на друга професионална дејност

### Член 10

(1) За време на својот мандат службеникот за усогласеност во АД МЕПСО во државна сопственост Скопје не може да извршува друга професионална дејност, ниту да има интерес или деловен однос, директно или индиректно, со друштва од енергетскиот сектор или со нивните содружници или акционери, членови на Надзорниот одбор и членови на Управниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје.

(2) Забраната за вршење на друга професионална дејност подразбира доследна примена на одредбите од позитивните прописи.

## Посебни права на службеникот за усогласеност

### Член 11

АД МЕПСО во државна сопственост Скопје на службеникот за усогласеност му обезбедува:

1) соодветни технички, административни и организациски услови/ресурси кои ќе му овозможат непречено и ефикасно исполнување на неговите овластувања и работни задачи,
2) соработка со Надзорниот одбор, Управниот одбор, раководителите на оддели/служби и вработените на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје,
3) пристап до сите релевантни податоци и без претходна најава пристап до просториите на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје, како и пристап до сите информации потребни за извршување на обврските од Програмата за усогласеност,
4) пристап до сите договори склучени од страна на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје со корисниците на преносната мрежа, договори склучени со трети лица, како и пристап до релевантни изворни документи (комерцијални понуди, извештаи за прифаќање, меморандуми, фактури и друго),
5) да присуствува на состаноците организирани во рамки на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје за кои смета дека се важни за извршувањена неговата должност, и
6) да дава свое мислење во однос на кој било предложен внатрешен документ на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје или дејство во врска со усогласеноста со позитивно-правните прописи, вклучувајќи ги и сите законски и регулаторни промени во согласност со Програмата за усогласеност.

## Слободен пристап на информации

### Член 12

(1) Управниот одбор и/или вработените во АД МЕПСО во државна сопственост Скопје се должни по барање на службеникот за усогласеност да му ги доставaт/обезбедат бараните податоци и информации.

(2) Барањето за доставување на податоци и/или информации службеникот за усогласеност го поднесува во писмена форма преку архивата на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје или по електронски пат преку официјален е-маил.

(3) Доколку Управниот одбор и/или вработените во АД МЕПСО во државна сопственост Скопје не му ги достават на службеникот за усогласеност бараните податоци и/или информации должни се за причините за недоставувањето писмено да го известат.

(4) Во случај на непостапување по став (1) и (3) од овој член од страна на Управниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје, службеникот за усогласеност е должен за истото веднаш да го информира Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје.

(5) Во случај на непостапување по став (1) и (3) од овој член од страна на вработените во АД МЕПСО во државна сопственост Скопје, службеникот за усогласеност е должен за истото веднаш да го информира Управниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје.

(6) Добиените податоци и информации службеникот за усогласеност е должен да ги чува внимателно и доверливо и истите не смее да ги користи спротивно на интересите на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје, интересите на корисниците на електропреносниот систем, односно не смее да ги користи за лични потреби или за потребите на трети лица.

## Престанок на мандатот на службеникот за усогласеност

### Член 13

(1) Службеникот за усогласеност ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

(2) Службеникот за усогласеност чиј мандат е истечен, ја врши функцијата до именување на нов службеник за усогласеност.

(3) На службеникот за усогласеност му престанува вршењето на функцијата пред истекот на мандатот ако:
   1) сам поднесе оставка преку Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје,
   2) настане трајна или привремена неспособност за непречено извршување на функцијата подолго од шест месеци или во случај на смрт,
   3) со правосилна судска пресуда му е изречена казна затвор за сторено кривично дело во траење подолго од шест месеци или му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење подолго од шест месеци, или
   4) се стекне со услови за остварување на право на пензија.

(4) Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје, во рок од 8 (осум) дена од дознавањето за исполнетост на условот од ставот (3) алинеја (1), (2) и (3), а најдоцна 90 дена пред исполнување на условот од став (3) алинеја (4) на овој член донесува одлука за престанок на функцијата на службеникот за усогласеност и за тоа ја известува Регулаторната комисија за енергетика.

**Постапка за разрешување на службеник за усогласеност**

**Член 14**

(1) Службеникот за усогласеност може да биде разрешен од Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика од функцијата на која е именуван пред истекот на мандатот, доколку:
   1) несовесно и нестручно ја врши функцијата,
   2) извршил повреда на обврските за непристрасност и независност,
   3) ја злоупотребил функцијата, или
   4) на друг начин работел спротивно на законот.

(2) Службеникот за усогласеност може да биде разрешен од Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје, по барање на Регулаторната комисија за енергетика заради неисполнување на условите за независност и стручност.

**(3)** Во случај на предвремено разрешување, службеникот за усогласеност е должен најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена по донесувањето на одлуката за негово разрешување да изготви сеопфатна листа на документи што ги поседува, пишани објаснувања како и конечен извештај за своите активности кои ќе бидат доставени до претседателот на Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје.

**Член 15**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува со денот на одобрувањето од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

**Член 16**

Со денот на отпочнување на примената на овој Правилник, истиот се објавува на огласна табла на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје, на Public Folders на Microsoft Outlook, како и на официјалната веб страница на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје.

УО бр. ------------------
од ----.----.2019 година

**Генерален Директор**
Сашо Василевски

-----------------------------